УДК 821.163.3-1.09

Стручен труд
Professional paper

# КОСМОПОЛИТСКАТА ПОЕТСКА ВИЗИЈА НА АЦО ШОПОВ

**д-р Соња Стојменска-Елзесер**
Институт за македонска литература
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
elzeser@gmail.com

**Апстракт:** Поезијата на Ацо Шопов има суштинско значење за развојот на лирскиот израз во македонската современа литература. Научниците го делат неговиот опус во неколку фази, но најважно е што неговите песни покажуваат кохерентна поетика, препознатлива и базирана на две константни начела: длабока интимност и космополитски дух. Неговата поезија е сложена визија, полна со симболи и митски имагинации, во согласност со поетиката на симболизмот и неосимболизмот. Оваа визија не ја изгуби својата важност во текот на годините. Напротив, таа е уште помоќна денес, во 21 век, особено со својата главна идеја за негување почит кон идентитетските разлики на народите во светот и за промовирање на вредноста на единството на различностите. Затоа неговата поезија е широко прифатена меѓу читателите со различно етничко и јазично потекло.

**Клучни зборови**: *космополитизам, патриотизам, Ацо Шопов, поетска визија*

Творечкиот опус на Ацо Шопов е еден од столбовите на македонската модерна поезија. Него го карактеризира една интегрална поетика, која ниту во еден момент не го изневерува длабокиот лирски сензибилитет, препознатлив во секој стих. Проучувачите на таа поетика во име на систематичниот пристап, одвојуваат неколку фази, етапи во модификациите на неговите поетички доминанти, па посебно говорат за првите – партизански и градителски стихови, потоа за неговата интимистичка поезија, и на крајот за зрелата рефлексивна неосимболистичка лирика во која исто така може да се разделат неколку мотивско-стилски нијанси. Оваа етапност во опусот на Шопов ја рефлектира всушност етапноста во развојот на македонската современа поезија по Втората светска војна, која во еден набиен временски период од неколку декади изминала повеќе поетски стилски формации и се инкорпорирала во светските текови на поетскиот израз.

Кога од денешна дистанција (цело едно столетие по раѓањето на поетот), ги препрочитуваме стиховите на Шопов, поетичките разлики на етапите

кои некогаш предизвикувале дури и пошироки конфронтации и дискусии, остануваат во позадината, зад општата констатација дека во неговиот комплексен имагинарен универзум препознаваме живо пулсирачко поетско битие, балансиран спој на сензибилитет и интелектуален набој, доследно изградена поетска визија во која се обединуваат поетовата интима и космополитскиот дух. Без разлика од кој период и контекст произлегуваат, неговите песни и денес зрачат со несмалена енергија, и денес побудуваат емоција, размисла и читателско задоволство, и денес провоцираат нови разгатнувања на нивните длабоки симболично-асоцијативни слоеви.

Низ годините се испишаа страници и страници толкувачки текстови кои се обидуваа да го скротат и рационализираат богатиот творечки имагинариум на Шопов – се толкуваше неговиот исклучителен „поетски пронајдок“ – „небиднината“, се разгатнуваа неговите „молитви на телото“ и оксиморонското „црно сонце“, се длабеше во процесот на создавањето песна („глужд на глужд“) и во расцепот меѓу звучењето и тишината (онаа зборлестата), се гледаше во пепелта и се растајнуваше огнот, се разоткриваа африканските ритми кои ги брануваа езерата... Многу нешта се осветлија, се интерпретираа и анализираа, но, сепак поетскиот свет на Шопов не се исцрпи, ниту се затвори во запечатена кутија прекриена со прашина, туку остана да дише и за следните генерации и да продира сѐ подлабоко во енигмите на човекот и светот.

Поетскиот свет на Шопов е пред сѐ една комплексна визија, блиска на она прастаро пророкување и профетско гатање, кое впрочем и се смета за исконски зародиш на поетскиот израз. Поезијата на Шопов е личен, автентичен поглед што продира низ времињата, кој толку сугестивно е насликан на платното на македонскиот сликар Танас Луловски, на кое како портрет на поетот се оцртани само неговите очи. Очите за Шопов уште од првите негови стихови претставуваат опсесивен мотив. Почнувајќи од очите на загинатата другарка, преку стиховите како што е „(ти си) око фрлено во вселената“, преку сините очи на црните жени-мулатки (сињарки), окото, односно погледот, се провлекува низ целото негово творештво. Во согласност со поетиките на симболизмот и неосимболизмот, кои доминираат кај Шопов, визиите, симболите и митските имагинации ги преплавуваат неговите песни, и истовремено ги држат во една нераскинлива кохезија.

Визијата на Шопов е повеќеслојна: тој истовремено пее за личното/интимното и за сеопштото, универзалното. Затоа неговата поезија лесно комуницира со читатели од различни културно-јазични средини. Тој длаби во слоевите на исконското за да го допре општочовечкото:

*Оставете ме тука добри мои црни пријатели*
*(...)*
*Тука ме доведе мојот прародителски инстинкт*
*и неговиот непогрешлив шепот дека сè е исто*
*иако е сокриено во различни шуми и растенија*
*без оглед како и да се викаат: баобаб, даб или бреза.*

Во овие стихови јасно се исчитува космополитската аура на поезијата на Шопов. Никогаш не занемарувајќи ги импулсите од својот биографски опит (младешкиот љубовен занес, партизанското искуство, духовниот полет на животниот зенит, борбата со болеста, а секако и инспиративниот престој како дипломат во Сенегал), Шопов изградува поетска градба која се темели на космополитската идеја дека културите во светот колку и да се географски оддалечени, кога се запознаваат и респектираат, заемно се проникнуваат и се оплодуваат. Неговата стихозбирка *Песна за црната жена* директно инспирирана од неговиот допир со културата на Сенегал и особено со поезијата на Леополд Седар Сенгор, е веројатно најексплицитниот пример на поетска апологија на другоста во нашата современа литература. Тој со широка поетска прегратка ги опфаќа културно-историските и природни специфики на африканскиот народ и ги вградува во својот поетски универзум. Во неговиот стих има неизмерна љубов и почит кон другата култура, која природно амалгамира со сопствената национална култура. Во едно интервју прашан за оваа стихозбирка Шопов одговара: „Географските светови ги прошируваат поетските светови со своите специфичности и особености и ја збогатуваат поетската мисла со нови сознанија и искуства. Поетското кажување, како во случајов на Црна Африка, може да стане пораскошно, би рекол поепско и попространо, соодветно на географските простори и настаните што се случуваат на тие простори.

Но, поетот ќе открие на крајот на краиштата дека зад баобабот, дабот, брезата или кој било друг вид национален или регионален симбол, всушност се крие човекот, со неговата историска судбина и посебности, но сепак, насекаде човекот е човек, без разлика на расната припадност. Запознавајќи ги другите со сите нивни посебности и особености, човекот полесно и побргу се запознава себеси и својата татковина“ (Смилевски, 1976: 9).

Во поезијата од последниот творечки период Ацо Шопов се раководи од својата промисла за двојството универзално – лично, космополитско – роднокрајно, или изразено со актуелен речник, глобално – локално, односно креативно ја следи својата често повторувана мисла-водилка: „Откривајќи го светот да ја доближ(и) до себе, да ја откри(е) својата татковина и обратно, откривајќи ја татковината да го запозна(е) и откри(е) светот“ (Шопов 1976:

10). *Дрво на ридот*, последната стихозбирка објавена под стегите на болеста, го свртува интересот на авторот кон татковинското, кон неговиот роден крај, кон градот на неговото детство – Штип и се вклопува во втората клаузула од посочената мисла – преку својата татковина да се спознае светот. Последната песна во збирката „Патување во родниот крај – средба со светот", во самиот наслов ја носи таа двојност, сплотеност на татковината и светот, на себеси и другиот. Невообичаено за поетскиот израз на поетот, оваа песна има потенцирано епска структура и по тонот припомнува на мит. Но, таа воедно содржи и силна поетска визија:

*И тогаш силно почувствував дека во Македонија*
*се збиднуваат и се прекршуваат сите дилеми на светот,*
*а светот е бремен од проблемите на Македонија.*
*Видов многу земји и многу народи разделени со граници,*
*граници на времето со молив повлечени*
*што како нож го засекле живото тело на народите*
...
*сфатив дека Македонија ја дели судбината на светот,*
*а светот се судира со безброј македонски судбини.*
*Шумат сите буки, сите шуми и прашуми, сите брези и степи*
*со гласот на војводата кој ги корне и фрла врз сите глуви и слепи*
*па таа бучава личи на ред во безредијата и закон во исконските беззаконија.*
*Македонија е судбина на светот, светот е судбина на Македонија.*

Космополитската поетска визија на Шопов зрачи со својата сила и актуелност и денес, во дваесет и првиот век, затоа што е пронижана со длабоката хуманистичка идеја за респектирање на идентитетските разлики на сите народи во светот, а меѓу нив и на македонскиот. Воедно, таа е израз на восхит од универзалниот строеж на правдата и човечноста, кои не познаваат поделби според граници, раси, етноси. Поетот-класик на македонската поезија, Ацо Шопов, со сето свое творештво и со својата изодена животна врвица е доказ дека космополитизмот и родољубието не се дивергентни, туку комплементарни и хармонични човекови стремежи и емоции.

**Користена литература:**

[1] Смилевски, Веле. 1976. „Ацо Шопов: Поетот е постојано во потрага по зборот" (интервју со Ацо Шопов), *Нова Македонија,* Културен живот, 16.5.
[2] Шопов, Ацо. 1976. „Откривајќи го светот ја откривам татковината", интервју во *Нова Македонија,* 22.8.

## COSMOPOLITAN POETIC VISION OF ACO ŠOPOV

**Sonja Stojmenska-Elzeser**
Institute of Macedonian Literature
Ss. Cyril and Methodius University, Skopje

The poetry of Aco Šopov has fundamental importance for the development of the lyric expression in Macedonian contemporary literature. The scholars divide his opus in several phases, but what is most important is that his poems show coherent poetics, recognizable and based on two constant principles: deep intimacy and cosmopolitan spirit. His poetry is complex vision, full of symbols and mythical imaginations, in accordance with the poetics of symbolism and neo-symbolism. This vision hasn't lost its relevance during the time. On the contrary, it is even more powerful today, in the 21$^{st}$ century, especially with its main idea of cultivating respect for differences of identity of all peoples of the world and promoting the value of the unity of diversity. That is why his poetry is widely accepted among readers with different ethnic and linguistic background.